ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655
Matični broj: 3805760; Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 70010 val – 0700000 – 256122;
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 191 – 1/2005
Загреб, 01. 10. 2005.

# З А П И С Н И К

од **6. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **01.10.2005. година** со почеток во **11.10 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** С. Сагадин – Пула – претседателка на Заедницата, М. Мајиќ – Задар, Ј. Цветичанин – Осиек, И. Христодулов – Риека и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни членови:** В. Апостолски – Сплит.

**Гости:** А. Рабузин – секретарка на Заедницата, Е. Петровска – адм. секретарка на Заедницата, М. Апостоловска – гл. уредничка на „Мак. глас", М. Паризоски – дописник на „Мак. глас" од Загреб, Стојанка Тежак – претседателка на МПЦО „Св. Злата Мегленска„ и Марин Гавровски.

На самиот почеток на седницата, упатено е уште едно сочувство за трагично починатиот директор на Агенцијата за иселеништво на РМ, Мирче Доневски.

Седницата ја водеше претсед. на УО на Заедницата – С. Сагадин. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, таа ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 5-тата. седница;
2. Анализа на активностите на Заедницата и друштвата од претходната седница до денес – друштвата се должни својата анализа да ја поднесат на седницата во писмен облик која останува како прилог на записникот;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za period od 01.01.-30.09.2005. godine" – за друштвата извештајот го поднесуваат претседателите и иститe се должни извештаите во два примерока да ги поднесат на Заедницата најкасно до 15.10.2005. година;
4. Донесување на одлуки за остварување на планираните програми до крајот на 2005. година, одредување на датумот за одржување на редовната седница на Собранието

на Заедницата, за настап на VIII. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ и донесување на одлука за превземање на мерки за решавање на статусот на просториите на Заедницата;

5. Договор за план и програма на работа за 2006. година – доставуваат претседателите на друштвата во писмен облик како прилог на записникот;
6. Донесување на одлука за именување на координатор на “Web“ страницата на Заедницата;
7. Донесување на одлука за разрешување на членот на Редакцискиот одбор на „Македонски глас„ (Сплит) и именување на нов член;
8. Разгледување на предлогот за нов Статут на Заедницата од Комисијата за изработка на Статут и донесување на одлука за прифаќање на истиот – се молат членовите на УО да го проучат предлогот и доколку имаат дополнувања по факс или е-маил да испратат до Заедницата до 28.09.2005. година;
9. Донесување на одлука за зголемување на делот од режиските трошоци кои се подмируваат од страна на МПЦ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ – Загреб;
10. Донесување на одлука за разрешување на досегашната секретарка на Заедницата А. Рабузин на нејзино барање и именување на ново лице на таа функција;
11. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија записникот** од 5. седница на УО.

**Ад. 2.** Анализите на активностите на друштвата од Пула, Задар и Осиек беа во писмен облик предадени на седницата како прилог на записникот, а секретарката А. Рабузин ги запозна присутните со активностите на Заедницата од претходната седница до денес (прилог). Потоа претседателката С. Сагадин во кратки црти поднесе извештај за содржините на семинарите на кои таа присуствуваше: „Улога на медиумите во промовирање на културата на правата на малцинствата и меѓуетничката толеранција„ во Водице и „ Спроведување на Оквирната конвенција за заштита на нац. малцинства„ во Сплит, како и за книгата за нац. малцинства во РХ која ја пишува М. Домини и во која ќе биде опфатена и историјата на македонското нац. малцинство во РХ, а за која податоците ги припремаше О. Бојаџиски, додека секретарката А. Рабузин поднесе извештај за јавната расправа за „Второто мислење на Советодавниот одбор на Оквирната конвенција за заштита на нац. малцинства во РХ„ во Загреб, на која таа присуствуваше. Исто така, претседателката С. Сагадин критички напомена дека поради немилиот настан кој се одигра за време на посетата на Првиот Претседател на РМ, К. Глигоров, а чија посета беше организирана од страна на Советот на македонското нац. малцинство на Град Загреб, во иднина треба да има подобра соработка од страна на Советот со Заедницата и нејзините друштва, и дека Советот треба да дава подршка наместо да создава приоритетен раскол помеѓу своите сонародници, на која критика секретарката А. Рабузин, како секретарка на Советот истакна дека манифестациите на Советот не се мешаат во ингеренциите на здруженијата и покрај тоа што некои од програмите им се совпаѓаат. По спроведената дискусија, со јавно гласање членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Продажната цена на книгите „Крлежа и Македонија„ од О. Бојаџиски и „Од текста до представе„ од Б. Павловски да изнесува 50,00 кн. по примерок;
- Да се замоли Д. Спироски, прилозите кои се прикажуваат во „Призма„ од страна на Македонците во РХ, во иднина да се прикажуваат на македонски јазик (сугестија на Ј. Цветичанин);

- Под точките 12. и 16. од анализата на активностите на Заедницата, да се нагласи дека манифестациите не биле успешно реализирани, туку спасени од неуспех (сугестија на Ј. Цветичанин) и во иднина сите членови кои ќе бидат одбрани во организациските одбори на манифестациите, совесно и подеднакво да ги исполнуваат своите обврски;
- Да се прати допис до Советот на македонското нац. малцинство на Град Загреб со молба Советот да ги врати средствата заноќевањето на Првиот Претседател на РМ, К. Глигоров од неговата посета во Загреб, кои и беа исплатени преку благајната на Заедницата на секретарката А. Рабузин во износ од 1.665,92 кн, а кои средства не беа предвидени со одлука на УО на Заедницата да одат на сметка на Заедницата;

**Ад. 3.** По оваа точка секретарката А. Рабузин рече дека полугодишниот Извештај на Заедницата за Советот е веќе изработен и на време предаден до Советот (прилог), како и Извештаите на друштвата, а и Извештајот на Заедницата за третиот квартал од 01.01.-30.09.2005. година (прилог) за Советот е веќе припремен од страна на адм. секретарка, која со нејзина помош и искуство, успешно ја одработи таа задача, која и понатака самостално ќе ги припрема Извештаите и која во рамките на своето знаење, ќе им помага и на друштвата со добронамерни совети во припремањето на нивните Извештаи. Потоа додаде дека во Извештаите на друштвата сеуште има недостатоци во начинот на неговата изработка и ги замоли членовите на УО да настојуваат да ги поправат тие недостатоци, а како пример на изработка да го земат Извештајот на Заедницата. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Извештајот на Заедницата за периодот од 01.01.-30.09.2005. година.

**Ад. 4.** Претседателката С. Сагадин со задоволство нагласи дека изложбата „Сликарство на Македонци во Хрватска„ која се одржа во Задар и Сплит беше многу успешно реализирана и медиски пропратена, дека е предвидено истата да се одржи и во Осиек од 21-28.10.2005. година, а по нејзиното одржување во Осиек, постои можност изложбата да се постави и во Пула за Деновите на Кочо Рацин на 25. и 26.11.2005. година, потоа (или пред тоа) во Риека, а до крајот на годината и во Загреб. Тука д-р. Н. Гроздановски се надоврза и рече дека на негова молба, во разговорот со претседателот на Заедницата на Хрватите во РМ и со Министерот за култура на РМ, има информација дека постои можност оваа изложба да се одржи и во РМ, која би била организирана од нивна страна и на нивна сметка, а дека за тоа треба да се извести и Агенцијата за иселеништво на РМ. Во продолжетокот на дискусијата, присутните ги изнесоа предвидените програми за Заедницата и друштвата кои треба да се реализираат до крајот на оваа година. Исто така, претседателката С.Сагадин ги информира присутните дека поради сеуште нерешената проблематика со МКД „К. Мисирков“, постојат тенденции за формирање на ново друштво во Загреб, кое треба да биде прифатено од страна на Заедницата. По расправата, со јавно гласање членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Да се изврши пренамена на останатите средства од манифестацијата „8 Денови на Б. Миладиновци„ во Осиек за изложбата која ќе биде одржана во Осиек, а за таа пренамена да се прати допис до Советот за нац. малцинства;
- По премиерата на филмот „Балкан кан„ која ќе се одржи во Загреб на 11.10.2005. година, да го превземат друштвата кои имаат можност да го вклопат во своите манифестации, за да се прикаже и во другите градови во РХ, додека трошоците за тоа ќе бидат покриени од страна на дистрибутерот на филмот. За потребните информации во врска со термините за прикажувањето на филмот, задолжена е М. Апостоловска да ги извести друштвата;
- На VIII. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ која ќе се одржи на 13.11.2005. година во Загреб, да настапат МКД „Кочо Рацин„

од Пула и МКД „Б. Миладиновци„ од Осиек. За сите потребни информации во врска со програмот, задолжена е претседателката С. Сагадин да ги достави до Заедницата во предвидениот рок;

- До крајот на оваа година да излезат од печат книгите од Г. Калоѓера и Б. Јовановски;
- Ништо да не се превзема во врска со решавањето на статусот на просториите на Заедницата додека не се добијат подетални информации;
- Редовната седница на Собранието на Заедницата да се одржи во месец март 2006. година. Членови на Надзорниот одбор на Заедницата се Живко Силавски од Задар, Славица Шкратуља од Сплит и Данчо Арсов од Загреб;

**Ад. 5.** Адм. секретарка Е. Петровска ги информира присутните дека за прв пат оваа година се барани средства за финансирање на програми за 2006. година на ниво на Заедницата и друштвата од Градскиот Уред за образование, култура и спорт од Град Загреб, потоа, од Министерството за знаност, образование и спорт на РХ и од Министерството за култура на РМ. Во понатамошната дискусија, со јавно гласање членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

На ниво на Заедницата, а до Советот за нац. малцинства на РХ, да се пријават следните програми за 2006. година:

1. Информирање: „Македонски глас„ како и досега, 4 – 6 броја во 700 – 1000 примероци;
2. Издаваштво:
   - Б. Павловски: „50 години на Македонистиката на Филозофскиот факултет во Загреб„;
   - О. Бојаџиски: „Хронологија на македонската диаспора во Хрватска„;
   - Н. Гроздановски: „Монографија – Сликарството на др. Н. Гроздановски„;
   - Претставување на книга од автор од РМ.
3. Културни манифестации:
   - Редовна седница на Собранието на Заедницата;
   - Одржување на летен камп – настава на македонски јазик;
   - Изложба на дела на македонски автори од Хрватска;
   - Одбележување на денот на издавањето на збирката на Кочо Рацин;
   - „Илинден 1903. – 2006.„ (заедно со МКД „Илинден„ од Риека);
   - „9. Денови на Б. Миладиновци„ во Осиек и Ѓаково;
   - Претставување на книги издадени од Заедницата во 2006. година;
   - Ревија на игран и современ македонски филм;
   - Музичка вечер во Загреб.

Понатаму, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- За манифестацијата „Денови на Б. Миладиновци„ која се одржува секоја година традиционално во Осиек и Ѓаково, да ја посетуваат и претставници од сите други друштва (по еден член) на сметка на друштвата, како и од Заедницата (на сметка на Заедницата), за да и се даде уште поголемо значење и важност;
- Да се одреди датум кога претставниците од сите друштва (по еден член) на сметка на друштвата и од Заедницата (на сметка на Заедницата), ќе полагаат венец пред бистата на Кочо Рацин
- Програмите за 2006. година од Заедницата и друштвата подетално да се разработат кога Советот ќе ги достави формуларите за истите.

**Ад. 6.** По оваа точка, а поради настанатите промени, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го именуваа** Марко Паризоски на должност за координатор на "Web" страницата на Заедницата.

**Ад. 7.** Врз основа на донесената одлука на седницата на УО на МКД „Македонија„ од Сплит одржана на ден 14.06.2005. година, за разрешување на досегашната дописничка од Сплит и член на Редакцискиот одбор на списанието „Македонски глас„ Аница Плазониќ и именување на Анка Урдинова Порежа, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се разрешува Аница Плазониќ од членството на Редакцискиот одбор на списанието „Македонски глас„ како досегашна дописничка од Сплит;
- Се именува Анка Урдинова Пережа како член на Редакцискиот одбор на списанието „Македонски глас„ и како дописничка од Сплит.

**Ад. 8.** По расправата за оваа точка, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** до крајот на оваа година, правно лице да го провери и изработи новиот предлог на Статутот на Заедницата, а за тоа е задолжена Ј. Цветичанин.

**Ад. 9.** Поради непредвиденото секојдневно зголемување на режиските трошоци на Заедницата во изминатиот период, како и поради долговите кои не биле подмирени на време (некои долгови датираат уште од 1999. година, и порано!), а поради невозможноста на Заедницата тој терет сама да го поднесе (средствата од Советот не се достатни), претседателката С. Сагадин нагласи дека Заедницата е присилена да го зголеми делот на режиските трошоци кои се подмируваат од страна на МПЦ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ – Загреб. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Почнувајќи од 01.01.2006. година, МПЦ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ за користење на дел од просториите на Заедницата, да подмирува дел од вкупните режиски трошоци на Заедницата во износ од 400,00 кн. месечно, на начин да тој износ го уплатува преку „Налог за плаќање„ на жиро сметката на Заедницата на почетокот на секој нареднен месец;
- Пристигнатите сметки за користење на питка вода да се делат на две еднакви половини, од кои едната половина ќе ја подмирува МПЦ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ а другата Заедницата (по договор);
- Да се направи „Уговор за усвојување на одлуката на УО на Заедницата„ до УО на МПЦ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ за подмирување на режиските трошоци во износ од 400,00 кн. месечно и половина на сметките за питка вода;
- Задолжена е претседателката С. Сагадин да оди во ГСКГ во Загреб и да проба да ја ослободи Заедницата од долгот за заедничката причува, кој датира уште од 1999. година (се работи за долг кој е во судска постапка, во износ од 2.520,46 кн. – основица), а кои сметки гласат на име на „Порцулан – промет„.

**Ад. 10.** По оваа точка секретарката А. Рабузин рече дека поднесува неоповиклива оставка на местото секретарка на Заедницата поради преоптеретување со обврските кои тоа место ги наметнува и поради нејзините други секојдневни обврски кои таа ги има. Наспомена дека во текот на нејзиниот мандат на тоа место, со големи напори се трудела да даде свој придонес и да ги исполни сите свои задачи, меѓу другото, и да ги обучи двете адм. секретарки, прво А. Штефанчиќ, а подоцна и Е. Петровска, која е сеуште на тоа работно место, на што Е. Петровска искрено и се заблагодари на нејзината помош и стрпливост и за тоа што се трудеше да и го пренесе своето искуство во извршувањето на работните

обврски и должности, но со надеж за понатамошна, исто така успешна соработка. И останатите присутни и искажаа голема благодарност за нејзиниот придонес што таа го даде за Заедницата, како и жалење што ја напушта таа функција. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се разрешува А. Рабузин од функцијата секретарка на Заедницата;
- Се именува Е. Петровска на функцијата секретарка на Заедницата – В. Д.;
- Се разрешува А. Рабузин од обврската – застапување на Заедницата, а со тоа и од потпишувањето на финансиската документација на Заедницата;
- Се именува Н. Грoздановски за застапување на Заедницата и се овластува како потписник на финансиската документација на Заедницата – В. Д.;
- Да се даде предлог на Собранието на Заедницата да и се предаде на А. Рабузин благодарница како награда за нејзиниот придонес за Заедницата.

**Ад. 11.** Под точката разно (прилог), најнапред претседателката С. Сагадин ја прочита листата на работите кои и се подарени на Заедницата во периодот од претходната седница до денес (прилог). Понатака, адм. секретарка ги информира присутните дека го променила своето презиме Жугај и од 14.09.2005. година се користи со презимето Петровска. Се спомена и тоа, дека е купен диктафон за потребите на Заедницата и списанието „Македонски глас„. Секретарката А. Рабузин извести дека на 04.11.2005. година доаѓа во посета на Загреб Првиот Претседател на РМ, К. Глигоров, како гост на поранешниот Министер за господарство Љубо Јурчиќ и дека е тоа можност за повторна средба на Македонците од Зедницата со него. Н. Грoздановски и подари на Заедницата фотокопии на материјали за друштвото од Осиек кои ги добивал од Б. Јовановски, а кои биле објавувани во разни списанија, и книгата „Љубов и зборовите околу неа„ од Љ. Бранцолица, која тој ја и поклонува на Заедницата на негова молба. Исто така, поклонета и е на Заедницата книгата „Време кое веќе не е мое„ од Љ. Точ Наумова. Потоа Н. Грoздановски извести за случувањата на програмата на „Неделата на Хрватите од Македонија„ на кои тој бил самоиницијативно присутен. На крајот, гл. и одговорна уредничка на списанието М. Апостоловска на присутните им го прочита своето барање за зголемување на хонорарите за „М. глас„ (прилог). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Да се доделат благодарници за дадените донации на „Алкалоид Загреб„ д.о.о. и Красоја Ристовски, како и на Ансамблот за народни ора и песни „Тоска„ од Штип за нивниот настап на прославата „Илинден„ во Самобор (предлог за Собранието на Заедницата);
- Да се контактира со водителот на „Тоска„ од Штип и да се види што е со потврдата за платената царина за носиите кои беа нарачани за МКД од Осиек;
- На Тоде Чучуковски да му се исплати хонорар преку патен налог за 100 км. и една дневница за неговиот допринос што го даде во организирањето на прославата „Илинден„ во Самобор;
- Да се наплатува износ од 150 кн. по проба, за одржување на пробите на пеачката група „Езерки„ на ХМД во просториите на Заедницата (во среда по 2 часа во работното време на Заедницата);
- Средствата кои се наменети од Советот за нац. малцинства за МКД „К. Мисирков„ за 2005. година, а кои требаа да се пренаменат или замрзнат, во целост да им се трансферираат;
- Со книгите печатени од Заедницата, да се задолжуваат за понатамошна продажба само оние друштва кое ќе поднесат барање за тоа, и во онаа количина, која ќе им биде потребна;

- Да се напише допис до Заедницата на Хрватите во Македонија со жалење дека за нивниот престој во Загреб, Заедницата не беше службено известена, па така ни службено присутна на нивната програма, туку само од страна на поединци, и дека поради тоа не се оствари ниту една службена средба помеѓу тие две Заедници;
- Коректор на списанието „Македонски глас„ од бр. 43. да биде Е. Петровска;
- Од 01.01.2006. година, одн. од бр. 44., да се исплатуваат хонорарите за списанието „Македонски глас„ во износите како следи:

1. Хонорарот на главниот и одговорен уредник – 1.700,00 кн. по број;
2. Хонорарот на лицето за компјутерска обработка – 750,00 кн. по број;
3. Хонорарот на лицето задолжено за лектура – 550,00 кн. по број;
4. Хонорарот на лицето задолжено за секретарска работа и коректура – 450,00 кн. по број;
5. Останатите хонорари на дописниците да се исплатуваат по досегашниот ценик кој е усвоен на 1. седница на Редакцискиот одбор.

Седницата заврши во **15.05** часот.

Записничарка:

Елизабета Петровска

Претседателка на Заедницата:

Славица Сагадин

А. Р./ Е. П.